# ОДГОВОР

## на забелешките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На ден 12.03.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – "Управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во Република Македонија" од законскиот застапник на Министерство за финансии - Царинска Управа, бр.05-007615/12-0002, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11 – 346/14.

Од Министерството за внатрешни работи добиено е мислење број 12.1 – 16465/1 од 14.03.2012 година со кое известува дека нема забелешки по Нацрт извештајот.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во делот на Основни податоци која се однесува дека во текот на 2010 година ЦУ има донесено Упатство за начинот на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата број 05-019496/10-0001 од 17.06.2010 година" **претставува известување** со образложение дека од страна на ЦУ во текот на 2008 година донесено е првото упатство за регулирање на наведената област - „Упатство за начинот на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата„ број 05-14636/1 од 19.05.2008 година.

2. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во делот на Ревизорски наоди точка 1.5, која се однесува дека АУОИ нема доставено квартални извештаи до Судовите и Јавното обвинителство од причина што не е редовно известена од надлежните институции Судови, ЦУ, МВР, за привремено одземените предмети, **не се прифаќа**. Во Нацрт извештајот, во делот - Ревизорски наоди точка 6.4. е наведено ......"Во моментот на запленувањето на одземената стока надлежниот оператор телефонски или електронски ја известува АУОИ„...., која состојба ревизијата ја имаше во предвид при вршењето на ревизијата.

3. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај – Ревизорски наоди точка 3.8 дека во текот на 2011 година со Одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари, Владата на РМ и отстапила на АУОИ три вилушкари за што е склучен договор за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок помеѓу ЦУ и АОУИ кои сеуште не се преземени од страна на АУОИ, **не се прифаќа,** со образложение дека ревизијата го имаше во предвид потпишаниот записник за примопредавање, кој само дополнително ја потврдува утврдената состојба дека доделените движни ствари не се превземени од страна на АУОИ.



*Ревизорска екипа* | *Овластен државен ревизор*

*1.*
*2.*
*3.*

4. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај - Ревизорски наоди точка 4.2. алинеа 1, која се однесува на ....“Известување од АУОИ до Генерален секретаријат на Владата на РМ и до МФ на РМ во кое се наведува дека АУОИ не била запозната од ЦУ дека 80 возила се правосилни и спремни за продажба и дека овие возила се чуваат во АМСМ. Во истото барање АУОИ предлага Владата на РМ да ја задолжи ЦУ редовно да ја известува АУОИ за сите правосилни пресуди, за локацијата на возилата како и за нивната комплетна документација “..... **делумно се прифаќа** со образложение дека во ревизорскиот наод цитирано е известување од АУОИ доставено до Генералниот секретар на Владата на РМ на 10.06.2010 година со кое се укажува на потребата од координација и соработка на АУОИ и институциите вклучени во процесот на преземање и сместување на одземениот имот во РМ. Наведената информација во доставените забелешки од страна на Царинската управа број 05-12426/10 – 007 од 24.08.2010 година, ќе биде дополнета во ревизорските наоди во Конечниот извештај.

5. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во делот на Ревизорски наоди на точка 4.2. алинеа 2, која се однесува на Известувањето доставено од АУОИ до ЦУ на РМ за нерегуларности со одземената стока, во кое се наведува дека ЦУ ја известила АУОИ за одземена стока со правосилно решение, која може да биде предмет на располагање, како и дека при постапката за преземање и отстапување, претставниците на АУОИ биле известени од царинските службеници дека одземената стока е царинета и е вратена на правното лице од кое е одземена, спротивно на донесеното решение со кое тие предмети се одземаат **не се прифаќа** со образложение дека формулацијата во ревизорскиот наод е цитирана и е дел од известувањето од АУОИ доставено до ЦУ, со кое се укажува и потврдува потребата од координација и соработка на АУОИ и институциите вклучени во процесот на преземање и сместување на одземениот имот во РМ.

6. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во делот Ревизорски наоди точка 5.1. алинеа 5, која се однесува дека Плацот во Гевгелија е 24 часовно обезбеден од страна на пет лица вработени во АУОИ и дека во кругот на плацот сместен е магацински склад во кој ЦУ складира стока запленета по царински прекршок и во него АУОИ нема пристап освен во присуство на овластено лице од ЦУ, **не се прифаќа** со образложение дека информацијата како дел од доставената забелешка од ЦУ, ревизијата ја имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и истата не ја менува констатираната состојба.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

1.
2.
3.